Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-115/6
25-03-2022 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-115 од 17.02.2022 година, поднесена од подносителот [redacted] од Кавадарци, против ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Скопје, за извршена дискриминација врз основа на пол и род во областа на социјална сигурност и социјална заштита при остварување на родителското право, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020 година) на 24.03.2022 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на пол и род при остварување на родителското право во областа на социјална сигурност и заштита од страна на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Скопје врз [redacted].

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка со архивски број 08-115 од 17.02.2022 година, од подносителот [redacted] за сторена дискриминација по основ на пол и род при остварување на родителското право од страна на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Скопје, како надлежен орган за уредување на личните односи и непосредни контакти помеѓу подносителот [redacted] и неговиот малолетен син [redacted].

Подносителот на претставката е татко на малолетното дете [redacted], кој по разводот на бракот на родителите е доверен на грижа, чување, воспитување и делумно издржување на неговата мајка [redacted]. Согласно наводите од претставката и приложените докази видувањата помеѓу таткото и детето се регулирани со повеќе управни акти донесени од страна на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Скопје. Подносителот во претставката истакнува дека поради непочитување на таквите управни акти од страна на неговата поранешна сопруга му се оневозможени средбите со неговиот син, што понатаму резултирало со нарушување на односот помеѓу родителот и детето. Од тие причини подносителот на претставката во повеќе наврати има доставувано укажувања за преземање мерки според Законот за семејство до ЦСР Скопје. Согласно наводите од претставката, подносителот тврди дека е дискриминиран врз основа на пол и род, како татко на детето поради ненавремено преземање на мерки од страна на ЦСР Скопје, со што

органот дозволил отуѓување на детето од родителот. Според тврдењата на подносителот, како резултат на полова и родова дискриминација неговите права и обврски како родител, како и правата на неговото дете се повредени.

Ценејќи ги наводите од претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатира дека ваквите тврдења се веројатни и согласно член 24, став 7 во врска со член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 21.02.2022 година испрати Известување бр. 08-115/2 за произнесување по наводите од претставката до ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Скопје.
Дополнително, заради целосно утврдување на фактичката состојба согласно член 30 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 21.02.2022 година Комисијата испрати Барање за доставување на документи до Секторот за инспекциски надзор над примената на законските и други прописи од областа на социјалната заштита и заштитата на деца при Министерството за труд и социјална политика.

На 04.03.2022 година во архивата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Скопје како одговор на претставката. Службата за права и услуги на подрачје на општините Кисела Вода, Сопиште, Зелениково и Студеничани при ЈУ Центарот за социјална работа Скопје во одговорот на претставката наведе дека во Центарот, за семејството Брковиќ се водени неколку постапки. За регулирање на личните односи и непосредни контакти меѓу детето [redacted] и таткото [redacted] е донесено Решение УП 1715-630 од 03.09.2021 година. Во одговорот се истакнува дека наведенето решение е на сила, но поради потешкотии при спроведување на видувањата определени со решението помеѓу детето и родителот со кого детето не живее, ЦСР спроведува активности за измена на решението, согласно интересите на детето. По однос на наводите од претставката за полова и родова дискриминација врз [redacted], Центарот истакнува дека нивниот третман према подносителот на претставката е поднеднаков како према останатите странки во Центарот за социјална работа Скопје.

Разгледувајќи ги приложените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај не станува збор за дискриминација, од причина што не е исполнета законската дефиниција за дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и*

*оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Дотолку повеќе што ЦСР како стручен орган ги следел семејните состојби, видно од фактот што во неколку наврати го менувал решението за уредување на личните односи и непосредни контакти и со тоа усогласувал со тековните фактички состојби. По Барање за изменување на решение за уредување на личните односи и непосредните контакти поради изменети околности на подносителот на претставката, ЦСР Скопје извршил советодавна и советувалишна работа со мајката [redacted], како и стручна консултација со вработените во ЈУГД Буба Мара клон – Пчелка 2, каде детето е вклучено во предучилишен воспитен процес, по што донел Решение УП 1715-630 на 03.09.2021 година, со кое го изменил Решението УП 0801-421 од 03.03.2021 година. Со Решението кое е на сила се изменети начинот и динамиката за остварување на непосредните контакти помеѓу детето и родителот со кого не живее. Определено е средбите да се реализираат секој петок во месецот со времетраење од два и пол часа, со земање и враќање на детето во ЈУГД Буба Мара клон – Пчелка 2. Додека секое нереализирано видување, родителите се должни да го надополнат. На тој начин на подносителот на претставката му е овозможено остварување на лични средби и непосредни контакти со своето дете и обратно, согласно Законот за семејство.

Согласно горенаведеното, при стручното работење ЦСР Скопје не ги повредил родителските права на подносителот на претставката, ниту го довел во нееднаква положба при остварување на неговите родителски права во однос на мајката на детето. Ниту е сторено веројатно дека подносителот на претставката, како странка на стручниот орган за социјална работа бил третиран поинаку од останатите странки.

Поднесената претставка се однесува на заштита од дискриминација, па согласно образложеното Комисијата одлучи како во диспозитивот, додека во однос на наводите кои се однесуваат на стручните компетенции на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација нема надлежност, ниту стручност истите да ги оценува.

Скопје
24.03.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Кире Василев

Доставено до:

- [redacted]
- Јавна Установа Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје со адреса на ул. „Никола Вапцаров" бр.11, 1000 Скопје